**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К

**Од ЧЕТИРИЕСЕТ И ПРВАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 30.07.2020 година**

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2020 ГОДИНА**

**Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К**

**Од Четириесет и првата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 30.07.2020 година**

Седницата започна во **12:20 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и претставници на подносители на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Четириесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Четириесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **27 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следните предлози за **дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-2427/2 од 30.07.2020 година, се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

**17.** Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година; и

**18.** Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"17"** беше ставен на гласање и истиот **не беше усвоен** со **13 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"18"** беше ставен на гласање и истиот **не беше усвоен** со **13 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложените точки "17" и "18" не се составен дел на предложениот дневен ред.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" ги образложи причините поради кои овие точки не се дел од предложениот дневен ред а се однесува на фактот што истите премногу доцна беа доставени на расправа и одлучување до советот.

Други предлози за **дополнување** на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Истакна дека до советот е доставена иницијатива/барање на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, бр.09-2462/1 од 28.07.2020 година, за исплата на парична награда на вработените во јавното претпријатие по основ на зголемен работен ангажман во услови на пандемија со КОВИД-19. Како надполнување истакна дека е потребно советот со соодветен заклучок да ја прифати иницијативата на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, но и даде иницијатива за исплата на регрес за годишен одмор на вработените во општинската администрација за 2020 година и јубилејни награди. Од тие причини ја предложи следната точка:

**17.** Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијативи за исплата на парична награда за вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, исплата на регрес за годишен одмор за 2020 година и јубилејна награда за вработените во Општина Гази Баба.

По поднесениот предлог за дополнување на предложениот дневен ред а пред ставање на гласање, во расправата (*која беше од општ карактер а не во контекст со предложената точка*) учествуваа: Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија"), Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ), д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија") и Мартина Наумовска (коалиција предводена од СДСМ).

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "17" е составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" предложи точките **14**. Предлог - Одлука за давање согласност на Договор за користење на спортски објекти и **16**.Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје, да се **симнат** од предложениот дневен ред.

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката "14" да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА", 10 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Пред ставање на предлогот за симнување на точката "16" од предложениот дневен ред на гласање, укажа на одредбите од член 39 став (1) од ЗПУП (закон вон сила но со примена за конкретниот предлог-ДУП), каде е наведено следното:

"Градоначалникот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје е должен најдоцна три работни дена по добивање на согласноста од член 38 став (2) на овој закон, а доколку не е издадена согласност и не е доставено известување за констатирани недостатоци на урбанистичкиот план, по истекот на рокот за издавање на согласност утврден во член 38 став (2) на овој закон, да го достави предлогот на планот во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, до Советот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје а претседателот на Советот е должен предлогот на планот да го стави на првата наредна седница на Советот, а Советот е должен да одлучи по истиот на истата седница."

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката "16" да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **15 гласа "ЗА" и 12 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "14" и "16" се **симнати** од предложениот дневен ред, точката "15" ќе се разгледува како точка "14" а точката "17" ќе се разгледува како точка "15".

За работата на седницата со **26 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за втората половина од 2019 година;
2. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, за учебната 2019/2020 година;
3. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Григор Прличев" - Скопје, за учебната 2019/2020 година;
4. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "25 Мај" - Скопје, за учебната 2019/2020 година;
5. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2019/2020 година;
6. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, за учебната 2019/2020 година;
7. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, за учебната 2019/2020 година;

8. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје, за учебната 2019/2020 година;
9. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Крум Тошев" - Скопје, за учебната 2019/2020 година;
10. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Наум Наумовски-Борче" - Скопје, за учебната 2019/2020 година;
11. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Наум Охридски" - Скопје, за учебната 2019/2020 година;
12. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Његош" - Скопје, за учебната 2019/2020 година;
13. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - јуни 2020 година;
14. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 17 Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје; и
15. Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијативи за исплата на парична награда за вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, исплата на регрес за годишен одмор за 2020 година и јубилејна награда за вработените во Општина Гази Баба.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за втората половина од 2019 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 30.07.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Заменик командирот на ПС од ОН Гази Баба - Имери Арбен, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба и членовите на советот: м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија"), Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ) и Дијана Илиевска (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за втората половина од 2019 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставникот од ООУ "Стив Наумов" - Скопје (претседател на училишен одбор) и членовите на советот: Валентина Петровска (коалиција "За подобра Македонија"),

Благе Данев (коалиција "За подобра Македонија") и м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Григор Прличев" - Скопје, за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Григор Прличев" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "25 Мај" - Скопје, за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "25 Мај" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Претседателот на Советот на Општина Гази Баба и директорот на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, м-р Анита Ангеловска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје, за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Крум Тошев" - Скопје, за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Крум Тошев" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје, за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Наум Охридски" - Скопје, за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Наум Охридски" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Његош" - Скопје, за учебната 2019/2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучок за усвојување на извештајот за работењето на ООУ "Његош" - Скопје, за учебната 2019/2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - јуни 2020 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 30.07.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - јуни 2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 17 Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина финансии и буџет - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 30.07.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), Благој Атанасов (коалиција "За подобра Македонија") и Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ) .

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 17 Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, со **14 гласа "ЗА" и 12 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Даде пауза од 5 минути за да се одржи дополнително свиканата седница на комисијата за финансии и буџет, за да завземе став по однос на:

15. Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијативи за исплата на парична награда за вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, исплата на регрес за годишен одмор за 2020 година и јубилејна награда за вработените во Општина Гази Баба.

**По паузата.**

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијативи за исплата на парична награда за вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, исплата на регрес за годишен одмор за 2020 година и јубилејна награда за вработените во Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 30.07.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за прифаќање на иницијативи за исплата на парична награда за вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, исплата на регрес за годишен одмор за 2020 година и јубилејна награда за вработените во Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Четириесет и првата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **15:25 часот**.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот